# INTERPERSONAL RELATIONSHIPS AMONG STUDENTS IN SCHOOL

**Anka Angelovska**
Elementary School „Toso Arsov“- Stip, Republic of North Macedonia, anka_angelovska@yahoo.com
**Vange Maneva**
Elementary School „Toso Arsov“- Stip, Republic of North Macedonia, vangemancova@gmail.com

**Abstract:** The challenges that students face and should be specifically addressed are interpersonal relations (establishing social relationships, respecting behavioral norms, developing communication skills, the need for attention, coping with social pressure, dealing with peer violence, and conflict resolution) and the interpersonal context (identity crisis, self-image, self-confidence, low self-awareness, emotional self-regulation, adaptation to the school environment, anxiety, depressive states, self-acceptance, self-harm, suicidal thoughts, various forms of risky behavior). Conflicts are an inevitable part of our daily lives. They are an integral part of relationships among students, even among those who mean a lot to each other. Students tend to view conflicts solely as something very bad, negative, something to be avoided. However, the outcome of a conflict and whether it necessarily worsens relationships among students depends on how we approach their resolution. Resolving conflicts (seeking compromise) is a skill that can be learned, thereby raising the threshold of tolerance in everyday interpersonal relationships within the classroom. The primary school undertakes activities to improve the well-being of students and advance in accordance with the learning outcomes and assessment standards prescribed in the curriculum. Despite this, a certain number of students, for various reasons, manifest behavior during the school year that is not in line with the code of conduct. The school regularly monitors the learning, progress, behavior, and attendance of all students. This contributes to providing a stimulating and safe environment for their progress and well-being. Timely intervention in working with students can yield appropriate results before behavioral problems escalate. Therefore, efforts are made in schools to establish a system to prevent inappropriate behavior among students and to establish regular communication. This approach enables timely resolution of certain problems that students face. It is necessary to improve our skills and abilities in this area, to become sensitive to cultural differences, and able to overcome cultural differences in communication and conflict resolution, to become sensitive to possible communication barriers and able to reformulate conflicts. Frequent conflicts among students are the cause of addressing interpersonal relationships among students. Therefore, conflict and conflict resolution, as well as awareness of conflicts present in everyday school life, are aspects to which the teacher should constantly return.
**Keywords:** Interpersonal relationships, conflicts, communication, tolerance, and compromise.

# ИНТЕРПЕРСОНАЛНИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕ

**Анка Ангеловска**
ООУ „Тошо Арсов“- Штип, Република Северна Македонија, anka_angelovska@yahoo.com
**Ванѓе Манева**
ООУ „Тошо Арсов“- Штип, Република Северна Македонија, vangemancova@gmail.com

**Резиме:** Предизвиците со кои се соочуваат учениците, а кои треба посебно да се акцентираат се интерперсонални релации (создавање социјални релации, почитување на нормите на однесување, развивање вештини за комуникација, потреба за внимание, справување со социјален притисок, справување со врсничко насилсвто и разрешување конфликти) и интерперсонален контекст (криза на идентитет, слика за себе и јакнење на самодовербата, ниска самосвесност, емоционална саморегулација, адаптација во училишна средина, анксиозност, депресивна состојба, себеприфаќање, самоповредување, суицидални мисли, разни форми на ризично однесување). Конфликтите се неизбежен дел на нашето секојдневие. Тие се составен дел на односите меѓу учениците, па дури и меѓу оние кои многу си значат едни на други. Учениците се склони на конфликтите да гледаат исклучиво како на нешто што е многу лошо, негативно, нешто што треба да се избегне. Но, каков ќе биде исходот од конфликтот и дали тој нужно ќе ги влоши односите меѓу учениците зависи од тоа како приоѓаме кон нивното решавање. Решавањето конфликти (барањето компромис) е вештина која може да биде научена, а на тој начин да се подигне прагот на толеранција при секојдневните интерперсонални односи во паралелката. Основното училиште презема активности за унапредување на добросостојбата на учениците и напредување согласно резултатите од учење и стандардите за оценување пропишани во наставните програми. И покрај тоа определен број ученици, од различни причини, во текот на

учебната година манифестираат однесување што не е во согласност со воспитниот кодекс на однесување. Училиштето редовно го следи учењето, напредокот, однесувањето и редовноста на сите ученици. На тој начин се придонесува да се обезбеди стимулативна и безбедна средина за нивно напредување и добросостојба. Навремената интервенција во работата со учениците може да даде соодветни резултати пред проблемите со однесувањето да ескалираат. Затоа се настојува во училиштата да се воспостави систем за превенирање на несоодветното однесување на учениците и да се воспостави редовна комуникација. Ваквиот пристап овозможува навремено решавање на одредени проблеми со кои се соочуваат учениците. Потребно е да ги подобриме нашите вештини и способности во оваа област, да станеме сензитивни на културните разлики и способни да ги премостиме културните разлики во комуникацијата и решавањето на конфликти, да станеме сензитивни на можните комуникациски бариери (пречки) и способни да ги реформулираме конфликтите. Зачестените конфликти меѓу учениците се причини за третирањето на интерперсоналните односи меѓу учениците. Затоа, конфликтот и разрешувањето на конфликтот, како и свесноста за конфликтите кои се присутни во секојдневниот училишен живот, е аспект на кој наставникот треба постојано да се навраќа.

**Клучни зборови:** Интерперсонални односи, конфликти, комуницирање, толеранција и компромис.

## 1. ВОВЕД

Образованието има највиско место во севкупните напори на институциите на системот во развојот на позитивна клима и во превенција на насилство меѓу младите во училиштата и надвор од нив. Ако на начинот на размислување и на однесување на цели генерации системски се влијае преку образованието, тогаш ни е потребен образовен систем кој ќе насочува кон стекнување на вистински граѓански вредности меѓу кои нема место за насилство. Во таа насока, во наставните програми се интегрирани неколку важни вредности на кои треба да се учат децата - интеркултурализам, мултикултурализам, толеранција, почитување на различности и слично. Толеранцијата претставува почитување, прифаќање и уважување на богатствата од различности во светските култури и таа е форма на изразување и начин да бидеме луѓе. Толеранцијата подразбира волја и способност да се прифати и да се дозволи различноста, било да се работи за разликите во политичките уверувања, верските и расните уверувања, или пак за разликите меѓу половите. Толеранцијата е нешто што се учи и што е битна алка во процесот на воспитување на децата. Важно е уште на најмала возраст да ги научиме децата како да го прифатат и почитуваат богатството од различности, култура, обичаи, навики, начин на изразување и воспитување. Толеранцијата е лична особина која се дефинира како почитување на туѓите идеи, верувања, мислења и постапки. Со заедничко делување во семејниот дом во кој детето се развива и образува се градат ставови и вредности кои ја промовираат љубовта, солидарноста, еднаквоста и меѓусебното прифаќање. Потребни се активности што придонесуваат учениците да развиваат компетенции што се однесуваат на следните подрачја и аспекти:

- **Мултикултурализам**
  - Запознавање со вредностите на сопствената култура и особеностите на другите култури;
  - Развивање позитивен културен идентитет;
  - Препознавање на сличностите и разликите меѓу луѓето од различните култури;
  - Развивање чувство на почит, емпатија, доверба и прифаќање на другите култури;
  - Развивање вештини за комуникација и соработка.
- **Човекови права, демократија, социјална праведност и еднаквост**
  - Разбирање на принципите на човековите права;
  - Примена на концептите за човекови права во секојдневните ситуации;
  - Справување со предизвиците на неправда и преземање на акции за социјална праведност;
  - Покренување на демократски акции и внесување промени во училишниот контекст и пошироко.
- **Стереотипи, предрасуди и дискриминација**
  - Препознавање и намалување на стереотипите и предрасудите;
  - Справување со предизвиците на дискриминација.
- **Решавање конфликти**
  - Запознавање со факторите за создавање конфликти;
  - Запознавање со принципите за решавање проблеми;
  - Анализирање и решавање конфликтни ситуации.

Секој човек кој подолго време работи во сферата на образованието и за образованието констатацијата е дека и во сегашни современи услови на живеење и делување, наставникот и понатаму е во фокусот на современите тенденции, предизвици и потреби. Во контекст на изнесеното наставникот, како субјект и

партнер во едукациските процеси, со наобразбата, знаењата, способностите, особините, вештините и поведението е значаен и воспитен пример за младите генерации.

## 2. ТЕОРЕТСКИ АСПЕКТИ

Интерперсоналните односи меѓу учениците се комплексен и важен аспект на училишната средина. Овие меѓучовечки врски играат суштинска улога во формирањето на училишната динамика, влијаејќи на самопочитувањето, социјалната поддршка и успешноста во учењето. Основните аспекти на интерперсоналните односи меѓу учениците се:

- **Комуницирање**
  Комуницирањето е основен елемент во интерперсоналните односи. Училишната средина ги стимулира учениците да го развиваат својот комуникациски стил, вклучувајќи го изразувањето на своите мислења и слушањето на мислењата на другите. Ефективната комуникација создава платформа за разбирање и поддршка меѓу учениците.
- **Управување со конфликти**
  Конфликтите се неизбежни во социјалните односи. Важно е учениците да развиваат вештини за управување со конфликти, вклучувајќи го преговарањето, слушањето на ставовите на другите и барање на заеднички решенија. Овие вештини не само го решаваат конфликтот туку и ја зголемуваат меѓусебната поддршка.
- **Толеранција и различности**
  Училишната средина се состои од ученици со различни културни, социјални и лични различности. Развивањето на толеранција и почит кон различностите е клучно за создавање на инклузивна средина. Учениците треба да развијат способност за прифаќање и почитување на различностите како богатство што ја збогатува училишната средина.
- **Компромис и тимско работење**
  Способноста за компромис и тимско работење се вештини кои ги подобруваат интерперсоналните односи. Низ овие вештини, учениците учат да работат заедно, да почитуваат различни мислења и градат взаемна доверба. Тимското работење им овозможува на учениците да развиваат припадност и реализирање на заеднички цели.
- **Емпатија**
  Емпатија е способност да се разберат и да се почувствуваат емоциите на другите луѓе, способност да се ставите во положбата на другите и да ги разберете нивните чувства, мислења или потреби. Емпатијата не само што вклучува сочувство со чувствата на другите, туку и обично вклучува желба за помош или поддршка во соочување со нивните емоционални предизвици.

Интерперсоналните односи меѓу учениците имаат длабоко влијание врз нивното учење и личен развој. Промовирањето на позитивни и здрави интерперсонални односи е важен дел од училишното образование, креирајќи ученици кои не само што се успешни во учењето, туку и развиваат вештини за успешен социјален и емоционален развој.

## 3. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА СТИМУЛАЦИЈА НА ИНТЕРПЕРСОНАЛНИТЕ ОДНОСИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ

Со примена на одредена методологија можат да се подобрат интерперсоналните односи меѓу учениците која вклучува различни аспекти на развојот и поддршката на социјални вештини. Наставникот би требало да има структуриран пристап и да преземе конкретни чекори со користење на различни методи и техники кои ги поттикнуваат учениците да ги развиваат вештините за толеранција, добра комуникација, решавање на конфликти и заеднички компромис. Чекорите би биле остварливи ако се преземат следниве активности:

- **Едукација и свесност**
  - Едукација на учениците за значењето на толеранцијата, комуникацијата, решавањето на конфликти и заедничкиот компромис;
  - Подигнување свесност за важноста на овие вештини за здравите меѓусебни односи.
- **Развивање на емпатија**
  - Активности кои ја стимулираат емпатијата меѓу учениците;
  - Разговор за искуства и чувства, поттикнувајќи го разбирањето на различните перспективи.
- **Работилници за комуникациски вештини**
  - Обука за ефективна комуникација, вклучувајќи слушање, изразување и почитување на различните мислења;
  - Креирани ситуации за учење во кои учениците ќе можат да вежбаат комуникација во група.

- **Тимски проекти**
- Учество во тимски проекти и активности што ќе ги поттикнуваат учениците да соработуваат и да ги развиваат своите тимски вештини;
- Стимулирање на чувството на припадност и важноста на тимската работа.
- **Учење за решавање на конфликти**
- Активности за учениците за развивање на вештини за конструктивно решавање на конфликти;
- Поддршка за отворено изразување и активности за развивање на преговарачки вештини за своите потреби.
- **Симулации**
- Организирање на симулации и игри за вежбање на ситуации со конфликти и заедничко надминување на пречките.
- **Практични сценарија**
- Креирање на практични сценарија и случувања во училиштето што ќе ги поттикнуваат учениците да вклучат вештини во реални ситуации;
- Поставување задачи и предизвици што бараат тимска соработка.
- **Дефинирање на задачи за компромис**
- Креирање сценарија во кои учениците мораат заедно да ги решат проблемите и да најдат компромисно решение;
- Поддршка за заедничките интереси и цели.
- **Следење и континуирано учење**
- Следење на напредокот на учениците и вреднување на применетите вештините во реални ситуации;
- Континуирано обезбедување можност за учење и подобрување на вештините.
- **Работа со родителите**
- Соработка со родителите и организирање информативни средби или работилници за подобрување на интерперсоналните односи.

## 4. РЕЗУЛТАТИ

Со практикување на интерактивни методи и техники, активно вклучување на учениците, се развива позитивна училишна култура и се подобруваат интерперсоналните односи во паралелката.

Преку анкетен прашалник во кој беа вклучен различни аспекти се проценија интерперсоналните односи меѓу учениците во V одделение (3 паралелки). Анкетата ги содржеше следните прашања и се добија следните податоци:

1.Анкетен прашалник за проценка на интерперсоналните односи меѓу учениците во V одделение

| Прашање | Многу често | Често | Ретко | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Колку често се случува добра комуникација меѓу учениците во твојата паралелката? | 2 | 3 | 20 | 25 |
| Дали учениците во твојата паралелката се отворени за соработка и заедничко решавање на проблеми? | 3 | 3 | 16 | 28 |
| Дали учениците во твојата на паралелката имаат ефективни начини за решавање на непријатности и несогласувања? | 5 | 5 | 15 | 25 |
| Дали се покажува доверба и почит кон идеите и ставовите на другите? | 2 | 4 | 18 | 26 |
| Дали секогаш соучениците во твојата паралека се вистински другари/ другарки за тебе? | 2 | 5 | 15 | 28 |

2. Графички приказ на собраните податоци за интерперсоналните односи меѓу учениците во V одделение




Од добиените податоци јасно се гледа потребата за развојот и поддршката на социјални вештини кај учениците. Преку методите: дискусија со цела група, работа во мали групи, анализа на приказни, анализа на ситуации/случаи, демонстрации и симулации, глумење и играње улоги, игровни активности се придонесува за подобрување на интерперсоналните односи меѓу учениците. Дел од работилниците кои беа во таа функција:Тема: Јас и ти – интерперсонални односи; Содржина: Комуницирање; Работилница **1**: Активно слушање. Заклучок: Има работи кои доколку ги правиме, придонесуваат за подобро меѓусебно слушање, и има други работи кои придонесуваат за попречување на активното слушање. Мора прво да разбереме што другиот сака да каже, па потоа да реагираме доколку сакаме да имаме добри односи и да не повредиме некого преку избрзување. Тема: Јас и ти – инерперсонални односи; Содржина: Разрешување на конфликти; Работилница **2**: Конфликтите се скалила. Заклучок: Минимум двајца се потребни за конфликт. И двете страни со своето однесување влијаат врз конфликтната ситуација, обично надоврзувајќи се еден на друг во реакциите. Доколку не се разреши конфликтот, тоа ќе претставува закана за добрите односи меѓу луѓето и негувањето на меѓусебни позитивни чувства. Наспроти тоа, пријателското однесување при конфликт дава можност тој да се реши така што двете страни ќе поразговараат мирољубиво и ќе се чувствуваат пријатно зашто не им е целта да го победат другиот, туку да се реши проблемот. Тема: Јас и другите – општествени односи; Содржина: Донесување одлуки во група; Работилница **3**: Да фрламе паричка или да гласаме?. Заклучок: Компромисната одлука е најважна по тоа што обезбедува задоволување на дел од потребите или желбите на сите вклучени страни, место избирање на едно решение кое целосно ги задоволува потребите/желбите на една страна, а воопшто не ги задоволува потребите/желбите на другата страна. По примената на структурираниот пристап со користење на различни методи и техники кои ги поттикнуваат учениците да ги развиваат социјалните вештини, во паралелките беше повторен прашалникот по преземаните конкретни чекори и се констатира дека перцепцијата на учениците за атмосферата во својата паралелка е видно подобрена.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Интерперсоналните односи меѓу учениците во училиште се темелници за нивното развивање и формирање на личноста. Заедничките искуства и врски што се создаваат во училиштето можат значително да влијаат на нивното воспитание и градење на личноста. Промовирањето на почитување, поддршка и разновидноста придонесуваат во создавањето на инклузивна заедница каде што секој ученик се чувствува важен и прифатен. Важно е училишнота средина да ги поддржува и охрабрува учениците да ги развиваат своите

социјални вештини, тимски способности и емоционална интелигенција. Односите што се создаваат во училиштето не само што помагаат во нивното академско напредување, туку и ги подготвуваат за предизвиците што ги носи животот надвор од училишните клупи. Способноста да се изградат здрави и позитивни интерперсонални односи може да има долгорочни позитивни ефекти врз учениците, нивната самовредност и социјална компетентност. Затоа, развивањето на поддржлива и инклузивна училишна култура е неопходен чекор кон формирање на одговорни и успешни индивидуи.

## 6. ПРЕПОРАКИ

За подобрување на разбирањето и поддржување на здравите интерперсонални односи, може да се земат во предвид следниве препораки:

- Покана на гости или организации кои работат во областа на интерперсоналните односи за да ги подучуваат учениците за важноста на добрите меѓусебни односи;
- Организирање на предавања за психолошка поддршка каде што учениците можат да ги изразат свои загрижи и да добијат совети за справување со предизвиците во меѓусебните односи;
- Вклучување на технологија за поддршка на меѓусебните односи, како креирање на онлајн форуми или платформи каде што учениците може да споделуваат идеи и прашања;
- Систем за поддршка во кој поголемите ученици можат да помагаат на помалите учениците кои можеби се соочуваат со тешкотии во односите со своите врсници;
- Повратна информација од учениците и родителите за проценка на ефективноста на воведените стратегии и дополнителни промени каде што е потребно.

Секој ученик е различен, па затоа е важно да се пристапи индивидуално и да се обезбедат различни можности за поддршка и развој на интерперсонални вештини кај учениците.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Бошкоска, М. (2021). *Прирачник за превенција на насилство меѓу врсници.* Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. Превземено од https://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/priracnici/priracnik_za_prevencija_na_nasilstvoto_vo_uchilishtata-mk.pdf

Јовановска, Ј., & Јовановска, М. (2014). *Комуникациските способности како фактор во развојот на социјалните односи меѓу учениците.* Педагошка мисла, 41(4), 339-352.

МОН, (2023). Програма за советување на ученици во основни училишта и нивните родители/старатели. Република Северна Македонија.

Негриевска. Ф. (2009). *Прирачник за образование за животни вештини IV до VI одделение- основно училиште.* Скопје, Република Северна Македонија: Биро за развој на образованието. Превземено од https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Zivotni-Vestini-IV-VI.pdf

Петровић, Н. (2018). *Конфликтолошке компетенције и образовни процес.* Београд: Центар за образовне политике.

Ĉaĉić-Kumpes, J. (1996). *Obrazovanje i tolerancija.* Institut za migracije i narodnosti, Zagreb.

Council of Europe. (2006). *Прирачник од Совет на Европа за намалување на насилството во училиштата.* Скопје, Република Северна Македонија: Council of Europe. Превземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3061/file/MK_2006_CoE_ViolenceSchools_Report_MKD.pdf

Cohen, L., L. Manion, K. Morison. (2007). *Research Methods in Education.* Routledge.

Cohen, J. (2019). *Strategies for encouraging prosocial behavior in the classroom.* In J. E. Durlak, C. E. Domitrovich, R. P. Weissberg, & T. P. Gullotta (Eds.), Handbook of Social and Emotional Learning: Research and Practice (pp. 409-424). The Guilford Press.

Johnson, D. W., & Johnson, R. T. (2019). *Social interdependence: Interpersonal and intergroup perspectives*. Annual Review of Psychology, 70(4), 259-283.